Мисија на Христоделфијаните за Библијата

# ДОПИСЕН КУРС

Лекција 13

## СВЕТИОТ ДУХ

Зборовите на некои луѓе имаат поголем авторитет отколку зборовите на други луѓе. На пример, ако им кажете на луѓе кои се во војна да престанат да се тепаат, најверојатно нема да ве послушаат. Но ако Претседателот или Премиерот ја издадат истата команда, ќе биде послушана затоа што тој има моќ или авторитет над војската. Бидејќи Господ го создал светот, Тој ја има најголемата власт, и Неговиот збор, како израз на Неговата воља, е доволен за да гарантира дека нешто ќе биде направено.

*"Со зборот од Господ небесата беа направени . . . тој зборнал, и се создадоа; тој заповедал, и се зацврстиле"* (Псалмот 32:6-9).

*"На почетокот Бог ги создал небесата и земјата . . . и Духот од Бог лебдеше над водите. И Бог рекол, ´Нека има светлина´, и имало светлина"* (Битие 1:1-3).

´Светиот Дух´ е термин употребен во Библијата за да ја опише прекрасната моќ од Бог. Со Својот Дух или моќ Бог го создал светов, и во Својот Збор тој ги направил едноставни Своите намери кои се однесуваат на тоа што го создал. Во тој Збор, Библијата, тој се разоткрил Себе си (во најмала рака онолку колку што ние можеме да разбереме) така што ние можеме да учиме за Него и да пробаме да Му бидеме послушни.

### Исус и моќта од Бог

Мајката на Исус била девица, и тој бил роден од неа преку чудо. Ангелот кој дошол да каже дека таа треба да роди дете, и рекол,

*"Светиот Дух ќе слезе врз тебе, и моќта од Севишниот ќе те осени. Така светото што треба да се роди ќе биде викано Синот од Бог"* (Лука 1:35).

Ова е еден пример од Еврејска поезија, каде повторувањето не е рима, туку идеи:

> **Светиот Дух** ќе дојде врз тебе,
> **Моќта од Севишниот** ќе те осени.

Според Библијата, Светиот Дух е моќта од Бог, со која Неговата воља се исполнува, посебно кај оние нешта кои треба да се прават за Неговата вечна намера за спасение. При своето баптизирање, Исус лично го примил Светиот Дух (Лука 3:21,22, и од чудата кои тој ги правел потоа, во него го гледаме делувањето на моќта од Бог.

*"Исус се вратил во Галилеја во моќта од Духот"* (Лука 4:14)

*"Исус од Назарет бил човек назначен од Бог за вас преку чуда, воодушевувања и знаци, кои Бог ги правел помеѓу вас преку него"* (Делата 2:22).

Тој бил кренат од мртвите од таа иста моќ"

*"Таа моќ . . . која тој ја употребил во Христос кога го кренал од мртвите и го седнал на својата десна страна во небесните простори . . ."* (Ефесјаните 1:19,20).

## Моќта прави чуда

Во раните години на Христијанството моќта за правење на чуда не му била дадена само на Исус, туку исто така и на апостолите, кои можеле да ја предадат и на други со полагање на раце. Во втората глава од Делата читаме дека апостолите ја примиле ´моќта одозгора´ ветена од Исус " Лука 24:49), и дека тие биле *"исполнети со Светиот Дух"* (Делата 2:4). Тие можеле да зборуват на други јазици и да лечат болни, дури и да вратат мртов човек во живот. На почетокот ова било неопходно за да им помогне на луѓето да поверуваат дека евангелието, добрата вест за Царството од Бог и за спасението кое го проповедале, биле навистина од Бог.

*"Ова спасение, кое прво беше кажано од Господ, ни̂ беше потврдено од оние кои го слушнале, Бог исто така посведочи за тоа со знаци, сили и различни чуда и дарови од Светиот Дух дадени според неговата волја"* (Евреите 2:3,4).

*". . . тоа што Христос го направи преку мене водејќи ги Неевреите во послушност кон Бог со кое зборував и правев - со моќта на знаци и чуда,со моќта од Духот"* (Римјаните 15:18,19).

Ги има многу денеска кои тврдат дека ги поседуваат токму тие дарови од Светиот Дух. Се прифаќа дека одредени видови на излекувања се случуват, посебно во случаи на заболувања каде на телото може да се делува преку мислите (мозокот). Но прво треба да се забележи фактот дека ова не се случува само кај Христијанските кругови, туку исто така и во случаи на многу други нехристијански религии. На второ место, овие излекувања, едноставно не можат да бидат споредени со чудата од првиот век, кога на пример човек сакат од раѓање одеднаш почнува да оди и скока, и мртов човек да биде вратен во живот (Делата 3:1-10, 9:36-42).
Мора да биде забележано:

1) Апостолот Павле изјавувал дека посебните дарови од Светиот Дух ќе престанат: *"Но таму каде што има пророкувања (*дар за пророкување*) тие ќе престанат; каде што има јазици* (зборување на други јазици) *ќе бидат замолчени; каде што има знаење (*дарот од Господ за посебно разбирање*) ќе го снема"* (1Коринтјаните 13:8).
2) Во делата 8:4-22, гледаме дека на Филип, кој не бил апостол, му била дадена моќ да прави чуда (13), но ја немал способноста да ја пренесува таа моќ на други. Тоа биле апостолите Петар и Јован, штотуку пристигнале во Ерусалим, кои го направиле ова, и кога Симон видел дека Светиот Дух бил даден **со положување на рацете од апостолите** рекол, *"Дај те ми ја таа способност така што на секој еден на кого ќе ги ставам моиве раце да може да го прими Светиот Дух"*(17-19)

По смртта на последниот апостол моќта која ги пренесувала даровите од Светиот Дух не била повеќе давана, и тие дарови исчезнале во време од две генерации. Нема доказ за такви чуда во вториот век.

Од друга страна мора да се запамети дека и покрај тоа што тие посебни дарови не се повеќе видени, Бог сепак е сеуште активен преку Светиот Дух заради исполнувањето на Неговите намери, и Неговата моќ е сеуште ефективна во животот на верниците.

## Светиот Дух и Библијата

Штом Новиот Завет бил завршен, некаде пред крајот на првиот век, се немало понатамошна потреба од импресивни сили за докажување пред луѓето дека Бог бил со проповедниците од раното Христијанство. Записот за животот на Исус, и инспирираните записи од апостолите и другите, се доволни за да убедат секого дека Исус е Синот од Бог, дека тој е кренат од мртивите, и дека вечен живот се нуди во негово име

Пишувајќи за пророштвата во Записите, апостол Петар изјавува во своето второ писмо, *". . . луѓето од Бог зборувале како што биле водени од Светиот Дух"* (2Петар 1:21). Со други зборови, Библијата била пишувана од луѓе водени од моќта на Бог; затоа таа самата е израз на Светиот Дух, и ако читаме, веруваме и сме ѝ послушни на нејзиното учење, нашите карактери можат да бидат трансформирани со моќта на Зборот.

*" . . . Светите Записи, кои можат да те направат мудар за спасение преку верата во Христос Исус"* (2Тимотеј 3:15).

*" . . . зборот од Бог, кој делува во вас кои верувате"* (1"Солуњаните 2:13).

## Заклучок

Светиот Дух е моќта од Бог, која Тој ја користел за да го создаде светот и да го донесе Својот Син во светот. Со таа моќ Тој го кренал него од мртвите и му дал вечен живот. Духот од Бог сеуште е невидлив додека делува за исполнување на Своите намери, но посебните дарови од Духот, дадени на верниците во првиот век за да го потврдуваат нивното проповедање, сега се запрени. Во Библијата ја имаме пораката за спасението, дадена од Светиот Дух за да нѐ подучува и нѐ води. Зборот од Бог ја има моќта да нѐ промени. Ако му дозволиме.

## Прашања

13.1 Што е Светиот Дух?

13.2 Во раните денови на Христијанството, многу прекрасни чуда биле направени. Дали таа иста моќ постои и денеска?